UDC: 336.717.1:656.96(497.7)

# БАНКАРСКАТА ГАРАНЦИЈА КАКО СРЕДСТВО ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ШПЕДИТЕРСКОТО РАБОТЕЊЕ

**Златко Јакимовски**
Докторанд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје,
Правен факултет „Јустинијан Први” - Скопје
zlatko_jakimovski@yahoo.com

**Апстракт:**

Еволуцијата која што ја доживува шпедицијата како бизнис концепт и постојаната тенденција за проширување на обврските на шпедитерот односно зголемување на квантитетот и квалитетот на услугите кои што ги пружа шпедитерот ја диктира потребата за користење на разни финансиски инструменти од шпедитерот со цел да одговори на потребите на своите комитенти. Обврската на шпедитерот да ги плати царинските давачки кон државата во име и за сметка на својот комитент го отвара просторот за примената на банкарската гаранција во шпедитерското работење. Царинските давачки претставуваат сериозен удар врз ликвидноста на трговците и нивното „покривање“ со банкарска гаранција од страна на шпедитерот претставува ефикасно средство за забрзување на царинската постапка и соодветно обезбедување на државата за плаќањето на царинските давачки. Користењето на банкарската гаранција при увозната царинска постапка го позиционира шпедитерот во средина помеѓу својот комитент и државата не само формално како полномошник на трговецот туку суштински како кредитор на својот комитент и истовремено гарант платец во корист на државата. Од тие причини авторот на овој труд преку анализа на улогата на шпедитерот во царинската постапка и функциите кој што тој ги извршува од една страна и самата правна природа на банкарската гаранција и правните односи кои настануваат при нејзиното издавање како најефикасно средство за обезбедување на побарувањата дава одоговор на прашањето зошто токму банкарската гаранција е најефикасното и најфрекфентно користено средство за обезбедување на царинскиот долг во царинската постапка.

**Клучни зборови**: *Шпедиција, Банкарска гаранција, долг, побарување, обезбедување, царинска постапка*

# BANK GUARANTEE AS A MEAN OF SECURITY IN FREIGHT FORWARDING

**Zlatko Jakimovski**
PhD Candidate, "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje,
Faculty of Law "Iustinianus Primus" - Skopje
zlatko_jakimovski@yahoo.com

**Abstract**

The evolution of the freight forwarding as a business concept and the tendency of increasing the obligations of the freight forwarder, increasing the quality and quantity of the services that are provided by the freight forwarder creates the urge of using different financial instruments to be able to respond to the demand of the clients. The obligation of the freight forwarder to pay the customs fees towards the state on behalf of the client creates the opportunity to use the bank guarantee in the freight forwarding. The customs fees are a serious attack of the liquidity of the traders and their "coverage" with a bank guarantee from the freight forwarder is an efficient method to accelerate the customs procedure and to provide the state with the customs expenses. Using the bank guarantee during the import customs procedure positions the freight forwarder in the middle between the client and the state, not only formally as a legal representative of the trader, but also as a crucial creditor of their client and a guarantor payer in favor of the state. Therefore, the author of this paper throughout an analysis of the role of the freight forwarder in the customs procedure and the functions that they provide on one side and the legal nature of the bank guarantee as well as the legal relations that are created with its issuing as the most efficient method for payment security on the other side, gives an answer why is the bank guarantee the most efficient and most used method for securing the customs debt in the customs procedure.

**Keywords**: *Freightage, Bank guarantee, debt, claim, mean of security, customs procedure*

## Вовед – општо за Банкарската гаранција

Економскиот развој како еден процес на сеопфатно зголемување на продукцијата на стоки и услуги [1] и следственото тргување со истите се пред се детерминирани од големите институционални и инфраструктурни инвестициски потфати, кои што нужно подразбираат сериозен ангажман на значителни суми на парични средства кои што главните актери на тој потфат не секогаш ги имаат на располгање. Имајки предвид дека овие инвестициски потфати можат да доживеат една временска екстензија каде што ризикот од добро сработената работа би егзистирал, станува јасно дека страната на доверителот е упатена на потрагата по соодветна заштита односно засилен интензитет на обезбедување на своето побарување од страна на трет субјект за кој што по природниот тек на нештата би се очекувало да биде на висина на задачата доколку должникот од основниот однос затаи во исполнувањето на сопсветната обврска (парична или

[1] https://www.thebalance.com/what-is-economic-growth-3306014

не парична).[2] Токму банките[3] како финансиски институции специјализирани за вршење на финансиски операции се онаа посилна страна која што е преферирана од страна на трговците да се јави во улога на гарант. Имено самите банкарски операции претставуваат исклучително комплексна материја која што неоподно налага сериозен пристап кон нивното проучување и анализирање која што однадвор гледано е мистифицирана но сепак имајки ја предвид структурата (односно соодносот меѓу паричниот и непаричниот капитал) на основниот капитал на банките, истите се најпреферирани институции од страна на доверителите да се јават во улога на гаранти што во една поширока смисла претставува „следење" на самата инвестиција од банката гарант каде што банката го става на располагање својот финансиски кредибилитет. Банкарската гаранција се појавува во трговската практика кон крајот на XIX век и од тој момент постои еден консантетн тренд на рапиден пораст на нејзината условно кажано популарност. Причините за популарноста на банкарската гаранција како средство за обезбедување на побарувањата е условена од повеќе фактори. Самиот развој на меѓународните трговски односи влијаел на настанокот на нови и еволуцијата на постоечките инструменти за обезбедување на квалитетот на исполнувањето на обврските кои што произлегуваат од трговските договори меѓутоа ниту еден инстурмент за обезбедување на побарувањата нема толкаво значење во деловните односи какво што значење има банкарската гаранција. Токму поради тоа доколку би требало да се издвои само една причина за оваа состојба (а секако постојат повеќе причини) тоа е фактот дека во деловните односи со банкарска гаранција се појавува токму банката како гарант односно издавач на гаранцијата, што му додава дополнително уверување на доверителот дека обврската која што нему му се должи ќе биде правилно и навремено исполнета. Сепак треба да се напомене дека се работи за еден институт кој што за пошироката јавност, дури и за трговците кои што се недоволно специјализирани за овие сложените финансиски операции и инвестициски потфати кои нужно налагаат користење на ваков инструмент за обезбедување и зајакнување на побарувањата кои што потекнуваат од основниот облигационен однос се полни со непознати елементи кои што се недоволно обработени од страна на домашната научна мисла. Основен предмет на разработка на овој труд ќе претставува практичната примена на банкарската гаранција во шпедитерското работење, на начин што најпрво поимно ќе бидат определени институтите на

2 За паричните и непаричните облигации в. Галев Г, Дабовиќ – Анастасовска Ј., Облигационо право, Скопје 2012, стр. 155

3 Член 2 став 1 точка 1 од Законот за Банките (Сл. Весник бр. 67/07 со сите подоцнежни измени): "Банка" е правно лице со дозвола од гувернерот на Народната банка на Република Македонија основано согласно со одредбите од овој закон, чија основна дејност е прибирање депозити и други повратни извори на средства од јавноста и одобрување на кредити во свое име и за своја сметка.

банкарска гаранција и договорот за експедирање за потоа со елаборација на функциите на шпедицијата да се дојде до главната тема на овој труд а тоа е примената на банкарската гаранција во шпедитерското работење.

**Поим и карактеристики на банкарска гаранција**

Самиот поим банкарска гаранција преставува кованица од два збора „банка" и „гаранција", што не упатува на единствениот логички заклучок дека се работи за персонално дефинирање на овој поим каде што на генусниот поим гаранција се додава терминот „банкарска" како специфика. Банкарската гаранција се појавува како последица на автономната трговска практика како нужен инструмент за обезбедување и во доминантниот дел на правни системи истиот претставува неименувана правна работа која што не е дефинирана во самиот закон каде што се дефинирани останатите облигации. Во светот главно се користи терминот гаранција каде што недостасува поимот „банкарска" од причина што покрај банките и други финансиски институции како нпр. Друштвата за осигурување можат да издаваат ваков вид на гаранции. Република Северна Македонија е една од ретките исклучоци (заедно со останатите поранешни држави од СФРЈ) каде што се користи поимот банкарска гаранција и истиот претставува именувана правна работа. Во македонското право банкарската гаранција спаѓа во групата на договори што се правен основ за зајакнување на побарувањата. Имено банкарската гаранција во домашното законодавство оскудно е уредена со членовите 1122 – 1126 од Законот за облигационите односи и истата претставува рецидвив од сојузниот закон од 1978 година, и е дефинирана преку содржината на обврските како *„Со банкарската гаранција банката се обврзува спрема примачот на гаранцијата (корисникот) дека во случај трето лице да не му ја исполни обврската во рокот на стасаноста, ќе му ја намири обврската ако бидат исполнети условите наведени во гаранцијата. Гаранцијата мора да биде издадена во писмена форма."*[4]

Од самото законско дефинирање на овој поим не може да се извлечат заклучоци за битните елементи на гаранција, за правните односи по повод кои таа настанува или кои што се јавуваат како нејзина последица ниту пак може одблиску да се определи нејзината правна природа. Меѓутоа оваа законска дефиниција на поимот банкарска гаранција претставува еден базичен основ за нејзината примена и нејзиното сфаќање, меѓутоа за да се стекнеме со еден поширок контекст на значењето на поимот на банкарска гаранција мора да се анализираат сфаќањата за овој институт во рамките на правната наука, пред се меѓународната. Стручната јавност која што се занимава со материјата на банкарската гаранција во недоволна мерка ги има услогласено своите ставови од аспект на дефинирањето на поимот на банкарската гаранција. Во научната јавност постои диверзитет на дефиниции за поимот на банкарската гаранција

[4] Член 1122 од ЗОО (Сл. Весник бр. 18/01 со сите подоцнежни измени)

меѓутоа поради економичноста на трудот авторот на овој труд ќе наведе една дефицинија која што ја смета за најприфатлива.[5] Така, Живковиќ ја дефинира банкарската гаранција на следниот начин: „Банкарската гаранција претставува специфичен вид на лично обезбедување на побарувањето, која што настанала од институтот емство, чија што специфичност и практична предност е фактот што за должниковата обврска гарантира банка – издавач на гаранцијата, која што по правило е во еден посебен режим на надзор и контрола од централната банка, па истата претставува многу доверлив должник."[6] Фактот што во домашното законодавство се користи поимот банкарска гаранција (паралелно со договорот за гаранција уреден со членовите 1036 – 1058 од ЗОО) упанува на заклучокот дека од една страна длабоко во општествените сфаќања банките традиционално уживаат најголем степен на доверба и дека останатите финансиски институции се во степен на зародиш и истите се недоволно присутни во македонската бизнис реалност како субјекти кои што се јавуваат како подржувачи на инвестициските потфати.

Што се однесува до поимот на банкарската гаранција може да резимираме дека банкарската гаранција како инструмент за обезбедување на побарувањата во правниот промет секогаш настанува во врска со некоја поширока и посложена деловна операција кај која редовно се појавуваат (најмалку) три учесници, па со самото тоа се засноваат односи од кои секои од нив е самостоен и независен од другите, па така истата претставува незаменлив инструмент за обезбедување во меѓународниот стоков и платен пробен бидејки на доверителите им пружа доволно сигурно и ефикасно средство за обезбедување во случај должникот од било кои причини не ја исполни својата обврска или ќе ја исполни на начин различен од договорениот, во кој што случај банката ја презема обврската за исполнување на истата.[7] Меѓутоа она што не е спомнето во ЗОО а се однесува на банкарската гаранција е тоа што банката издавач на гаранцијата му исплаќа на корисникот на гаранцијата определен паричен износ без разлика дали се работи за парична или непарична обврска на должникот од основниот однос. Сето ова полека го начнува прашањето за правните односи кај банкарската гаранција, односно налага да се даде суштински одговор на прашањето како настанува банкарската гаранција и кои се последиците од истата.

---

5 Повеќе за дефинирањето на поимот банкарска гаранција в. Pravna obelezja bankarske garancije kao institute obezbedjenja potrazivanja, Savo Minic, Doktorska disertacija 2018, Novi Sad, стр. 19-35

6 Zivkovik, M (2012): O mogucnosti zalaganja potrazivanja iz bankarske garancije I sredstava na tekucim racunima upisok u registar zaolge. Razvoj pravnog sistema Srbije I harmonizacija sa pravom EU, Pravni fakultet Univerzitet u Beogradu, стр. 229

7 Павичевиќ Б.: Банкарска гаранција и теорији и пракси. Службени лист, Београд, 1999 година, стр. 12 [10] Член 883 став 1 од ЗОО

**Општо за договорот за шпедиција**

Договорот за шпедиција во македонското договорно законодавство стандардно е уреден во законот за облигационите односи. Законодавецот при дефинирањето на договорот за шпедиција се користи со типичниот начин на дефинирање на договорите на начин што ги определува суштествените елементи на договорот. Па така согласно македонскиот ЗОО „Со договорот за експедирање се обврзува експедиторот да склучи, заради превоз на определен предмет од свое име и за сметка на налогодавецот, договор за превоз и други договори потребни за извршување на превозот, како и да ги изврши другите вообичаени работи и дејствија, а налогодавецот се обврзува да му исплати определен надомест." [10]. Понатаму се вели дека ако со договорот е предвидено, експедиторот може да склучува договор за презоз и да презема други правни дејствија од името и за сметка на налогодавецот. Од тука станува јасно дека главен фокус на договорот за шпедиција се става на склулувањето на договор за превоз со определен превозник од свое име но за сметка на налогодавачот. На самиот почеток од овој труд треба да се даде своевиден акцент на термините кои што ќе бидат користени во овој труд, од причина што нашиот законодавец се определува за традиционалниот поим „експедирање" додека во теоријата и во современиот промет се користи терминот „шпедиција" кои што во суштина се синоними. Од тука авторот на овој труд во понатамошниот текст на трудот ќе го користи терминот шпедиција.

Изразот шпедиција потекнува од латинскиот збор „expedire" што во теоријата буквално се преведува како „уредување", „решавање". Ваквиот израз во деловната практика се среќава и како експедирање односно испраќање.[8] Англсикиот израз за шпедиција е „forwarding agent" однсосно „freight forwarder". Од причина што во научната и стручната литература терминолошки поексплоатиран е поимот шпедиција, научната јавност е на мислење дека изразот експедирање треба да го отстапи местото на изразот шпедиција и во законската терминологија во некои од наредните измени.

**Основни карактеристики на договорот за шпедиција**

Договорот за шпедиција ги има следните карактеристики. Тој е двострано обврзувачки бидејки произведува права и обврски за двете договорни страни, товарен поради фактот што услугата која што ја пружа шпедитерот налогодавецот е должен да изврши одредена престација односно да даде соодветна парична противвредност, консензуален бидејки настанува со согласноста на волјите на двете страни, по правило е неформален договор и воедно истиот е комутативен договор од причина што правата и обврските на договорните страни се горе долу еквивалентни.

[8] Madjaric J, Medjunarona spedicija, Zagreb, 1991, стр. 2

Формата на договорот за шпедиција е оној елемент од карактеристиките на овој договор кој што создава одредени недоумици од аспект на базичната определба на македонскиот ЗОО за начелото на неформалност на договорите. Од таму ниту за договор за шпедиција законот не бара строго определена писмена форма. Меѓутоа како шпедитерот би можел да ги врши сите потребни работи и исполнува своите договорно преземени обврски истиот мора да има диспозиција од налогодавачот како и полномошно кое што е потребно за шпедитерот да ги обавува царинските работи за сметка на својот коминетент. Од тука може да се заклучи дека договорот за шпедиција иако законот тоа не го бара најчесто е склучен во писмена форма која што е ad probationen.

**Функции на шпедицијата**

За шпедитерот се вели дека претставува трговски специјалист кој врши мноштво на функции кои го олеснуваат трансферот на стока. [9] Класичните функции на шпедицијата се:

- Просторната функција се состои во совладување на географската оддалеченост меѓу местото на производство и потрошувачката, совладување на оддалеченоста се остварува во прв ред физички, а потоа и комерцијално;
- Временската функција се состои во совладување на временските разлики помеѓу производителите и потрошувачите на добра;
- Квантитативната функција се состои во смалување на превознината а со организирање на збирен превоз. Кај збирната шпедиција шпедитерот ги собира денковите пратки на коминтентите и ги претвара во вагонски праткиза кои се наплаќа пониска превознина;
- Квалитативна функција која се состои во овозможување да се најде најдобар транспортер на стоката;
- Кредитната функција – за која се смета дека е од секундарен карактер меѓутоа нејзината важност со текот на времето е се поинтензивна;
- Пропагандна функција која се состои во пропагирање на одредени производи од страна на шпедитерот.[10]

**Кредитната функција на шпедицијата и обврската за царинење на стоката**

Кредитната функција на шпедицијата се огледа при постапката за увоз на стока, додека кај извозната шпедиција оваа функција нема никакво значење.

[9] Murphy & Daley, 2001 во Lai K.H., Cheng T.C.E.: A study of the freight forwarding industry in Hong Kong, Hong
Kong, 2004, стр. 72, исто така Тушевска Б, Шпедицијата во домашниот и меѓународниот промет на стока, Докторска дисертација УКИМ, 2009, стр 47

[10] Повеќе за ова Николовски А., Плавшиќ С., Трговско Право, Скопје 2005 [14] Член 891 од ЗОО

Кредитната фунцкија на шпедицијата се огледа во обврската на шпедитерот е последица на неговата обврска да ги подмири давачките кон царината во име и за сметка на својот налогодавач. Па така доколку со договорот поинаку не е определено, налогот за експедирање на предмети преку границата содржи обврска за експедиторот да ги спроведе потребните царински дејствија и да ги исплати царинските давачки за сметка на налогодавецот.[14] Царинските давачки ги претставуваат царината, акцизата и увозното ДДВ кое што увозникот е должен да ги плати на претходно определената царинска основица. Процесот на интеграција на македонската држава кон ЕУ и потпишувањето на догворот за стаблизација и асоцијација како и низата други договори од областа на меѓуцаринските постапки и надворешноекономската трговија придонесоа до смалување или исчезнување на царината како јавна давачка при увоз на стока од странства. Поради тоа приматот во царинските давачки го има увозното ДДВ кое што изнесува 18% на царинската основица, додека за одредени производи постои повластена стапка од 5%. Токму ДДВ како сефазен нето данок на промет кој што се плаќа и при увоз на стока од странство, а на што трговците подоцна имаат право на поврат и одбиток на истиот претставуваат еден од најголемите трошоци за трговците кои што во суштина ја доведуваат во прашање нивната ликвидност. Од друга страна современта шпедиција и условите на модерното работење ја налагаат потребата на страната на шпедитерот да се наоѓа огромна количина на свежи пари кои што за него претставуваат обртни средства. Така се доаѓа до ситуацијата шпедитерот при вршењето на царинските работи да стане кредитор на трговецот кој што е негов комитент. За непречено одвивање на шпедитерската дејност каде што шпедитерот покрај налогопримач би се јавил и во улога на кредитор на сопствениот комитент истиот е нужно упатен на користење на разни финансиски инструменти кои што би делувале како катализатор на неговата дејност. Најчесто користен финансиски инструмент во рамки на шпедитерското работење со кое што се обезбедува царинскиот долг кој што комитентот на шпедитерот го има кон царинската управа е токму банкарската гаранција.

**Користењето и примената на банкарската гаранција во шпедитерското работење**

Како што претходно напомена авторот на трудот кредитната функција на современата шпедиција е незамислива без поседувањето на соодветна банкарска гаранција на страната на шпедитерот. Шпедицијата како услужна дејност и користењето на банкарската гаранција од страна на шпедитерот се дистинктираат од класичните случаи на издавање и користење на банкарска гаранција. Карактеристиките се пред се персоналниот плуралитет и диверзитет на активните субјекти во царинската постапка. Ова значи дека доаѓа и до одредена модификација на правните односи по повод издавањето банкраската

гаранција која што е детерминирана од самата природа на царинската постапка. Кај класичниот пример на банкарска гаранција постојат три субјекти налогадавач (должникото од основната правна работа), банката издавач на гаранцијата и корисник на гаранцијата (доверителот од основната правна работа). Персоналната специфичност во шпедитерското работење кое што се однесува на банкарската гаранција е фактот што налогодавач е секогаш Шпедитерот, додека корисник на банкарската гаранција е секогаш Царинската управа. Спецификата се јавува како последица на договорно преземената обврска од страна на шпедицијата во односот со сопствените комитенти за царинење на стоката и плаќање на царинските давачки. Тоа значи дека шпедитерот иако не е должникот од основната правна работа бидејки царинскиот долг кон царинската управа за плаќање на царинските давачки е на товар на неговиот коминтент (увозникот на стоката) сепак тој константно се јавува како налогавач за различни субјекти кои што ги застапува во царинските постапки. Пластично кажано шпедитерот се јавува во одредена гарантна улога во однос на својот коминтент по повод плаќањето на царинските давачки, со што истиот го презема царинскиот долг на својот коминтент кон царинската управа, и долгот го обезбедува со банкарска гаранција која што е издадена по негов налог во корист на царинската управа.

Тоа значи дека шпедиторот веднаш преку ангажирање на сопствената банкарска гаранција[11] и нејзиното задолжување за конкретната царинска декларација со која што се врши увоз на стоката го започнува процесот на увозно царинење на стоката, кој што трае од 24 до 48 часа, по што стоката се ослободува од царинскиот надзор и истата му е ставена на располагање на увозникот и истата е спремна за продажба, доработка или вградување. Потоа следи процесот на чистење на банкарската гаранција на шпедитерот и плаќање со „живи пари“ од страна на шпедитерот кон царинската управа, а дури потоа настанува обврската на увозникот да му ги надомести на шпедитерот паричните средства исплатени на име увозни давачки зголемени за однапред договорената награда за шпедитерот.

Битно е да се напомене дека кредитната фунцкија на шпедицијата е од факултативен карактер од причина што не сите увозници имаат потреба да бидат кредитирани од страна на шпедитерот, дотолку повеќе што истите иако ја користат банкарската гаранција на шпедитерот при увозот на стоката истите го прават тоа единствено заради забрзување на прометот и поефикасно завршување на царинската постапка, додека паричниот износ за кој што шпедитерот ја ангажира својата банкараска гаранција како би ги подмирил кон државата увозникот авансно му ги плаќа на шпедитерот.

[11] Со банкарската гаранција банката се обврзува спрема примачот на гаранцијата (корисникот) дека во случај трето лице да не му ја исполни обврската во рокот на стасаноста, ќе му ја намири обврската ако бидат исполнети условите наведени во гаранцијата.

Што се однесува до кредитирањето битно е да се направи дистинкција помеѓу кредитирањето од страна на шпедитерот и договорот за кредит. Со договорот за кредит банката се обврзува на корисникот на кредитот да му стави на располагање определен износ на парични средства, на определено или неопределено време, за некоја намена или без утврдена намена, а корисникот се обврзува на банката да и ја плаќа договорената камата и добиениот износ пари да го врати во времето и на начинот како што е утврдено со договорот.[12]Од оваа законска дефиниција на договорот за кредит може да се забележи дека како давател на кредитот може да се јави исклучиво банката, што ја дава првата разлика помеѓу кредитирањето од шпедитерот и договорот за кредит. Понатаму договорот за кредит мора да биде склучен во писмена форма, додека за кредитирање од страна на шпедитерот не е потребен никаков дополнителен договор помеѓу страните туку тоа спаѓа во тековното работење на шпедитерските куќи.

Формализмот и строгите услови за добивање на кредит диктирани за трговците од страна на банките, како и репетиторното повторување на трговските трансакции а како последица на тоа и се почестите увози на стока од странство ја зголемуваат потребата на трговците за обртни средства со кои што покрај плаќањето на стоката во странство ќе извршат и плаќање на царинските давачки, го прават речиси тешко и неизводливо користењето на класичниот кредит за плаќање на царинските давачки. Од друга страна пак принципот на поврат на увозното ДДВ за трговецот претставува релативно безбедна состојба во која што шпедитерот може да очекуа дека ангажираните сопствени средства во име и за сметка на трговецот неговиот комитент подоцна би му биле вратени на самиот трговец а со самото тоа ќе постои реална можност за шпедитерот да се намири од својот комитент.

Сепак треба да се напомене дека во оваа ситуација станува збор за таканаречено неправо кредитирање од страна на шпедитерите. Најпрво затоа што тие не даваат паричен износ на својот налогодавач туку во негово име и за негова сметка плаќаат кон државата. Од тие причини не може да се наплати и камата. Меѓутоа ова не претставува отуство на економска оправданост и бизнис логика во вршењето на кредитната функција од страна на шпедицијата затоа што оваа ситуација се решава со зголемување на наградата на шпедитерот кој што е во правопропорционален однос со деновите во кои што доспева фактурата за извшрени шпедитерски услуги и износот на сопсгтвени парични средства кои што шпедитерот условно кажано „ги затворил" во име и за сметка на својот комитент. Пластично кажано доколку шпедитерот согласно договорот за шпедиција наплаќа 3 500,00 денари за изработка на една увозна царинска декларација а притоа неговиот налогодавач самиот си ги подмирува давачките кон државата, во ситуација доколку шпедитерот ангажира сопствени средства

[12] Член 1104 од ЗОО.

во износ од 100 000,00 денари на име увозни давачки во име и за сметка на налогодавачот а овој се обврзува дека ќе му ги исплати на шпедитерот по 60 дена во тој случај наградата на шпедитерот би ила 10 000,00 денари. На овој начин не само што се забрзува и олеснува прометот туку и се задоволува принципот на правичност и еквивалентност во меѓусебните права и обврски кај договорните страни кај договорот за шпедиција.

Меѓутоа поради количеството на увозни пратки кои што секојдневно ја поминуваат царинската линија и високиот паричен износ кои што е потребен за плаќање на царинските давачки, кредитната функција како дополнителна дејност на шпедитерите претставува луксуз достапен исклучиво за оние шпедитерски куќи кои што располгаат со големи количества на пари како обртни средства и оваа дејност во суштина е недостапна за малите шпедиции.

Сепак користењето на банкарската гаранција во шпедитерското работење не секогаш е директно поврзано со самата кредитна функција на шпедицијата. Честопати се случува шпедитерот да ја користи својата банкарска гаранција за царинење на стоката единствено како средство за забрзување на самата постапка, во случај кога неговиот комитент веќе му ги има надоместено царинските давачки по претходно направена пред-калкулација и издадена профактура за авансно плаќање на царинскиот долг.

Користењето на банкарската гаранција во рамки на шпедитерското работење иако во помал обем е присутно и во својот класичен облик кога налогодавач на банката која што ја издава гаранцијата не е шпедитерот туку самиот трговец увозник на стоката кој што е суперликвиден и банката му негов налог има издадено гаранција во корист на царинската управа. Во овој случај шпедитерот всушност работи со банкарската гаранција која што ја има обезбедено неговиот клиент во корист на царинската управа. Причината за издавањето на банкарска гаранција во овој случај преставува чист прагматизам со единствена цел акцелерација на самата царинска постапка и ефикасност во работењето. Во овие случаи кога шпедитерот работи со банкарската гаранција која што ја има обезбедено неговиот комитент истиот не наплаќа дополнителна провизија за ангажирање/заложување на банкарската гаранција.

**Заклучок**

Поради огромното домашно и меѓународно значење и поради самиот карактер на институтот банкарска гаранција не наведува на фактот дека истиот преставува придружник на секој посериозен деловен потфат. Од друга страна многубројните функции кои што ги извршува шпедицијата во современиот меѓународен промет со стоки говори за нејзината поливалентна улога во тој процес на меѓународна трговска размена. Имено со квалитетот на своите услуги шпедитерските куќи се имаат изборени нивните услуги да претставуваат оној есенцијален елемент, односно услов без кој што фактички не е возможна

меѓународната трговија со стоки. Кредитната функција и користењето на банкарската гаранција од стран страна на шпедитерите при нивното работење како основна тема на разработка на овој труд само ни го потенцира значењето кое што шпедитерските куќи го имаат не само за своите клиенти туку и улогата на шпедицијата во приходната страна на јавните финансии каде што тие во име и за сметка на своите клиенти ги подмируваат царинските давачки при увозот на стока. Големото количество на финансиски ресурси кое што е потребно за тековното работење на една сериозна шпедитерска куќа само ни укажува на фактот дека овие куќи дури и рамо до рамо со комерцијалните банки ја одржуваат ликвидноста на стопанството од една страна и ја диктираат динамиката на меѓународната трговија од друга страна. Сето тоа од причина што е далеку поедноставно една шпедитерска куќа да добие издавање на банкарска гаранција отколку сите нејзини комитенти да обезебедат директно кредитирање од страна на комерцијалните банки. Важноста на примената на банкарската гаранција во шпедитерското работење се огледа и во фактот што банката издавач на каранцијата е најдоверлив должник за царинската управа како државен орган. Доверливоста на банката како должник е првата и последна основа на тоа зошто токму банкарската гаранција е најефикасното и најфрекфентно користено средство за обезбедување на царинскиот долг во царинската постапка.

**Користена литература:**

1. Andres Grath, Caric S, Bankarski poslovi i harije od vrednosti. Naucna knjiha. Beograd, 1987
2. Dominic R., The changing face of freight forwarding, UK, 2005
3. FinanceThe Complete Guide to Risk Management, International Payments and Currency Management, Bonds and Guarantees, Credit Insurance and Trade Finance, London, 2008
4. Komazec M.: Pravni odnosi u poslu bankarske garancije. Pravna rijec, God. 2. Br. 5
5. Madjaric J, Medjunarona spedicija, Zagreb, 1991
6. Murphy & Daley, 2001 во Lai K.H., Cheng T.C.E.: A study of the freight forwarding industry in Hong Kong, Hong Kong, 2004
7. Pravna obelezja bankarske garancije kao institute obezbedjenja potrazivanja, Savo Minic, Doktorska disertacija 2018
8. Sowinski L.L., Freight Forwarders & Customs Brokers, World Trade Feb. 2000
9. Zivkovik, M (2012): O mogucnosti zalaganja potrazivanja iz bankarske garancije I sredstava na tekucim racunima upisok u registar zaolge. Razvoj pravnog sistema Srbije I harmonizacija sa pravom EU, Pravni fakultet Univerzitet u Beogradu

10. Галев Г, Дабовиќ – Анастасовска Ј., Облигационо право, Скопје 2012
11. Николовски А, Плавшиќ Б, Трговско право, 2005
12. Николовски А., Плавшиќ С., Трговско Право, Скопје 2005
13. Павичевиќ Б.: Банкарска гаранција и теорији и пракси. Службени лист, Београд, 1999 година
14. Тушевска Борка, Шпедицијата во домашниот и меѓународниот промет со стоки докторска дисертација, УКИМ, 2009

**Користени правни документи:**

1. Закон за Банките (Сл. Весник бр. 67/07 со сите подоцнежни измени)
2. Закон за договорите за превоз во патниот сообраќај (Сл. Венсик бр.23/13)
3. Закон за облигационите односи (Сл. Весник бр. 18/01 со сите подоцнежни измени)
4. Закон за трговија (Сл. Весник бр. 16/04)
5. Закон за царинската управа (Сл. Весник бр. 46/04)
6. Царински закон (Сл. Весник бр. 39/05)

**Користени интернет извори:**

- https://www.jus.uio.no/lm/un.cmr.road.carriage.contract.convention.1956/doc.html
- http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Platni%20sistemi_Prezentacijazazabankarskigarancii.pdf
- http://www.riversidelogs.com/what-is-a-third-party-logistics-provider-3pl/
- https://fiata.com/home.html
- https://ppp.worldbank.org/public-privatepartnership/sites/ppp.worldbank.org/files/documents/PPPCCSA_WBGGuarantees_Final%20_%20English%20_Printed%20Oct%202016.pdf
- https://www.kn-portal.com/fileadmin/_public/documents/locations/ap/FIATA_STC.PDF
- https://www.thebalance.com/what-is-economic-growth-3306014
- https://www.unece.org/fileadmin/DAM/trans/conventn/e-CMRe.pdf